РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08 - 1040/1
28.03 2019 год
КРИВА ПАЛАНКА


# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035**
**ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

www.krivapalanka.gov.mk


Врз основа на член 78 од Изборниот законик(„Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 127/06, 136/08, 148/08, 155/08, 63/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 67/17, 125/17 и 35/18) и Одлуката за утврдување на места на кои може да се истакнуваат изборни плакати бр.09-3130/109 од 07.11.2016 година на Советот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.9/2016), Општина Крива Паланка на ден 28.03.2019 година, утврди

## У С Л О В И
## ЗА ДОБИВАЊЕ МЕСТА НА КОИ МОЖЕ ДА СЕ ИСТАКНУВААТ ИЗБОРНИ ПЛАКАТИ
**(за претседателски избори 2019 година)**

1. Место за бесплатно истакнување на изборни плакати на локации утврдени од страна на општината може да добие секоја регистрирана политичка партија самостојно, коалиции, како и група избирачи (во понатамошниот текст: подносител на листа), врз основа на поднесено барање до Општина Крива Паланка. Со барањето треба да се достави и полнопмошно (овластување) за поднесување на барањето издадено од подносителот на листата.

2. Редоследот на местата за истакнување плакати ќе бидат поделени по пат на ждрепка спроведена од страна на комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општината, а на која ќе учествуваат овластени лица од подносителите на листи. Ждребката ќе се изврши по објавување на утврдените листи од страна на надлежната изборна комисија. За денот на ждребката организаторите на изборната кампања ќе бидат известени преку Веб страната на Општина Крива Паланка. По спроведување на ждребката ќе се изготви записник со утврден редослед на местата за истакнување на плакати кој ќе биде потпишен од претседателот и членовите на комисијата, како и од овластените претставници на подносителите на листите. Заверен примерок од записникот ќе им биде даден на сите овластени претставници и врз основа на истиот може да почнат со истакнување на изборни плакати на одредените места.

3. Поставувањето на друг рекламен изборен материјал (банери, рекламни паноа, билборди и сл.) ќе се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема издадено од Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина, според пропишана постапка и по уплатата на соодветен надоместок утврден од страна на Општината. Притоа ќе се внимава на правична распределба на локациите за поставување, по пат на ждребка, спроведена од страна на горенаведената комисија.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**